ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
"ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО БИТОЛА
Примено 09.03.2021
03 2877

**До: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ на**
**Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола**
**ул. "Новачки пат" бр. 11**
**Битола**
**"За Собрание на акционери"**

Врз основа на член 390 став 5 и 6 од Законот за трговските друштва, и член 116 став 5 и 6 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола, акционерот ЦВЕТАН ПАНДЕЛЕСКИ ул Димитар Влахов бр.43 Охрид, кој поседува повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од ЗК Пелагонија ад Битола на ден 09.03.2021 година, го поднесува следното

**ПРЕДЛОГ - БАРАЊЕ**
**за усвојување на Предлог одлука по точката 2 од дневниот ред- "Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола"ставена на дневен ред на седницата на Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола закажана за ден 06.04.2021 година**

За седницата на Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола закажано за 06.04.2021 година, чиј јавен повик е објавен во дневниот весник "Нова Македонија" на ден 03.03.2021 година, **по точката 2 од дневниот ред - "Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола"** за усвојување ја предлагам и доставувам следната

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА:**

**Врз основа на член 57 и член 91 став 1 точка 3, од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола – Пречистен текст –, како и членовите 344 став 1, 367 став 2 и 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола на ден 06.04.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за избор на членови на Одборот на директори**
**на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола**

**I. За членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво, СЕ ИЗБИРААТ:**

**1. ЦВЕТАН ПАНДЕЛЕСКИ со место на живеење на ул. Димитар Влахов бр. 43 во Охрид, економист, државјанин на Република Северна Македонија;**

**2. ВЕСНА БЕЛЕШОВСКА БУНТЕСКА со место на живеење на ул. 50-та Дивизија бр.26/1-6 во Скопје, дипломиран економист, државјанин на Република Северна Македонија;**

**3. АЛЕКСАНДАР ГЕОРГИЕВ со место на живеење на ул. 50-та Дивизија бр.26/2-26 во Скопје, магистер, државјанин на Република Северна Македонија;**

**4. ХРИСТИНА ФУНА со место на живеење на ул. Кузман Јосифовски бр.44А во Битола, магистер по финансии, сметководство и ревизија, државјанин на Република Северна Македонија;**

**5. АНЕТА ЃОРГИЕВ со место на живеење на ул. Илинденска бр.3-2 во Битола, економист, државјанин на Република Северна Македонија.**

**II. Од членовите на Одборот на директори наведени во точка I од оваа Одлука, за независен член на Одборот на директори се назначува:**
**- ХРИСТИНА ФУНА со место на живеење на ул. Кузман Јосифовски бр.44А во Битола, магистер по финансии, сметководство и ревизија, државјанин на Република Северна Македонија.**

**III. Членовите на Одборот на директори од оваа Одлука, се избираат со мандат од 4 (четири) години, сметано од денот на изборот, односно сметано од 06.04.2021 година.**

**IV. Членовите на Одборот на директори имаат право на:**
**- месечен паушал во висина определена од страна на собранието на акционери,**
**- право и надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција, за што одлука донесува Одборот на директори.**

**V. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори, се трошоци на работењето на Друштвото.**

**VI. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.**

**VII. Пријава за упис во трговскиот регистар на избраните членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад**

**Битола, поднесува извршниот член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 390 став 5 и 6 од Законот за трговските друштва и член 116 став 5 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво - Битола, во својство на акционер кој поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво - Битола, а заради избор на нови членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво - Битола, и член 116 став 6 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво - Битола – Пречистен текст, го поднесувам овој Предлог – Барање со предлог одлука по точката 2 од дневниот ред - Избор на нови членови на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво - Битола за собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво - Битола закажано за 06.04.2021 година, со предлог одлука.

Кон барањето ја доставуваме целокупната потребна документација.

**ПОДНОСИТЕЛ- АКЦИОНЕР:**

**ЦВЕТАН ПАНДЕЛЕСКИ**

________________________